Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 18.06.2021

На 17.06.2021 на подрачјето на СВР Куманово спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 60 возачи. Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 17.06.2021 во 10.40 часот во СВР Скопје, Л.Т.(69) од Скопје пријавила дека во близина на училиште во нас.Пинтија била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (17/18.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 58 прекршоци.

На 16.06.2021 во 17.00 часот на локалниот пат Прилеп - с.Ореовец, патничко возило „санг јонг кајрон", со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(32) од Прилеп, изгубило контрола и излетало од патот. По незгодата М.Д. бил пренесен во Градската болница Прилеп, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициски станица Прилеп.

На 17.06.2021 во 14.20 часот во СВР Скопје, А.А.(30) од Скопје пријавил дека на бул.Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

Во текот на 17.06.2021 МВР спроведе зајакната акциска контрола на територијата на државата за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 554 возачи. Од нив, 101 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 16 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Најголем број од санкциите се изречени на територија на СВР Тетово - 106, а потоа на територија на СВР Скопје – 83, на територија на СВР Охрид - 67.

На 17.06.2021 на автопатот Скопје-Велес била спроведена засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 67 возачи. 28 возачи возеле со брзина од над 50 километри на час над пропишаната, а двајца за дури над 70 километри на час над дозволената.

На 17.06.2021 во 19.08 часот во СВР Струмица било пријавено дека на автопатот А-1, кај бензинска пумпа во с.Мрзенци, се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „сузуки GSX 1300 R", со скопски регистарски ознаки, управуван од Ѓ.А.(42) од Скопје и патничко возило „хјундаи галопер", со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Р.А.(42) од с.Прдејци. Во незгодата, со тешка телесна повреда се здобил мотоциклистот Ѓ.А., констатирана во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Гевгелија.

На 17.06.2021 во 12.35 часот во СВР Скопје, С.П.(60) од с.Кучевиште, скопско, пријавила дека на ул.„Јани Лукровски" била касната од куче скитник.

Денеска (18.06.2021) полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје од Одделението за криминалистичка полиција при СВР Битола го лишиле од слобода И.С.(26) од Битола, поради постеоќе основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". По добиена судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во дом, други простории и возила кои ги користи И.С., при што биле пронајдени и одземени 16 пакувања кокаин, две пакувања марихуана, електронска вага, предмети со траги од кокаин и пари. За случајот е известен Јавен обвинителот ОЈО Битола, до каде против лицето ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 17.06.2021 во СВР Скопје е пријавено дека на 15.06.2021 околу 12.30 часот од затворски службеник во Казнено-поправната установа Идризово, при извршен претрес кај осуденикот П.Б.(43), била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.06.2021 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Аеродром бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ј.(36) и Б.М. (26), двајцата од Скопје, на која ѝ претходела вербална расправија. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 17.06.2021 во 20.35 часот во СВР Куманово, Е.П.(34) од Куманово пријавила дека во близина на угостителски објект во Куманово дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу пријавителката и М.С.(55). Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.06.2021 во 22.10 часот во СВР Охрид било пријавено дека во Болницата „Св.Еразмо" во Охрид со тешки телесни повреди биле донесени М.Ц.(63) од Романија и Т.Ц.(60) од Р.Молдавија. Полициски службеници излегле на местото на настанот и констатирале дека околу 18.00 часот М.Ц., кој управувал моторно возило четирицикл „цфмото", со охридски регистарски ознаки, во кое сопатничка била Т.Ц., на место викано „Крстец" кон с.Велестово, изгубиле контрола над возилото и излетале надвор од коловозот. Увид извршила екипа од СВР Охрид.

На 17.06.2021 во Полициска станица Струга е пријавено дека настанал пожар во куќа во с.Биџево, сопственост на П.Т.(29) од истото село, при што целосно е оштетена кровната конструкција, мебел и предмети во поткровјето. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Струга, повредени лица нема, а увид извршила екипа од Полициска станица Струга.

На 17.06.2021 во 19.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Аеродром, К.Н.(20) и З.Т.(63), двајцата од Скопје, по претходно недоразбирање, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 18.06.2021 во 04.40 часот во СВР Струмица, С.К.(23) од Струмица пријавил дека околу 04.00 часот пред угостителски објект во Струмица тој и Т.С. биле физички нападнати од С.Г. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 во 19.30 часот во Полициска станица Центар С.Ј.(21) од Скопје пријавил дека околу 13.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од М.Т. и А.Ј., по што А.Ј. со остар предмет го оштетил и патничкото возило „фиат панда", со скопски регистарски ознаки, сопственост на братот на пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.06.2021 во 04.40 во СВР Струмица, В.Т.(18) од с.Дабиље пријавил дека пред перална во Струмица бил физички нападнат од Ф.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 околу 18.45 часот на ул.„Кузман Јосифовски Питу", во близина на НБРМ, настанал пожар во автобус на ЈСП во движење. Повредени лица нема, а пожарот набрзо бил изгаснат.

На 18.06.2021 во 10.25 часот во ОВР Кавадарци, Р.А.(46) од Кавадарци пријавила дека на 17.06.2021 околу 18.00 часот во нејзиниот двор во Кавадарци, по претходна расправија, била физички нападната од нејзините роднини А.Н. и Е.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 во Полициска станица Центар, К.А.(27) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека во 18.45 тој, О.Б.(30) и Ф.Н., по претходно недоразбирање, биле физички нападнати од А.Е., М.Б., В.Ј., У.Б., М.Е., С.Б., О.Н. и А.Г., кои при нападот користеле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 во 22.30 часот во Полициска станица Неготино било пријавено дека во Неготино, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Ѓ.(19), од една страна, и Д.М.(24), К.П.(21) и К.Н.(20), од друга страна, сите од Неготино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.06.2021 во 02.30 часот во СВР Куманово, Г.М.(67) од Куманово пријавила дека околу 00.40 часот во нејзиното дворно место во Куманово таа и нејзиниот син И.М., по претходно недоразбирање, биле физички нападнати од А.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 полициски службеници од Полициска станица Ростуше на место викано „Ростушко анче" ги лишиле од слобода А.А.(28) од с.Долна Бањица, гостиварско и А.Т. (30) од с.Лакавица, гостиварско, кои се превезувале со патничко возило „ауди", со гостиварски регистарски ознаки, поради постоење на основи на сомнение дека околу 22.10 часот на ул.„Вељко Влаховиќ" во Дебар, кај џамијата „Саат кула", со огнено оружје го повредиле А.И.(30) од Дебар. А.И. бил пренесен во Општа болница Дебар за укажување на лекарска помош, полициски службеници извршиле увид, а при преглед во возилото „ауди" бил пронајден пиштол „Сиг Сауер" П226С кал.9 мм. По наредба на Јавен обвинител лицата се приведени во ОВР Дебар за понатамошна постапка.

На 17.06.2021 во 15.30 часот во СВР Куманово, Г.В.(40) пријавила дека околу 12.00 часот, во близина на продажен објект во Куманово, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2021 во 19.00 часот во СВР Велес, Е.М.(37) од Кавадарци пријавила дека таа, нејзиниот син и нејзините роднини А.М., Б.М. и С.М., сите од Кавадарци, биле физички нападнати од Б.М., кој при нападот употребил и остар предмет, со кој на С.М. му нанел тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет